НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION NORTH MACEDONIA

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 151/2023
08.11.2023 год

До :Средствата за јавно иформирање

Од

Национална пливачка федерација на Северна Македонија
Градски Парк бр.Сала КК Работнички Скопје
ЕМБС5134846 и ЕДБ4030996160921
Застапувано од претседател Горан Стојановски од Скопје

# ДЕМАНТ

Почитувани,

Ве известуваме дека лицето Александар Маленко достави покана до сите спортски федерации, МОК и до медиуми со која ги повикува на заедничка работна средба за ден 09.11.2023 година во хотел Панорамика Скопје, на наводна средба за ***"Соочување со моменталната ситуација во Олимписките спортови во Македонија и можни санкцииод меѓународните спортски институции"***

Лицето Александар Маленко во оваа покана лажно се преставува како претседател на Пливачка федерација на Македонија и ова не е првпат да се случува.

Согласно Законот за спорт, во секој спорт е дозволено регистрирање на една федерација. Во спортот пливање една и еднистевна федерација во РС Македонија која е регистрирана во Централен регистар на РСМ и која има решение за вршење на дејност спорт издадено од Агенција за млади и спорт е Национална Пливачка Федерација на Северна Македонија, седиште Градски Парк бб, Сала КК Работнички Скопје, ЕМБС5134846 и ЕДБ4030996160921, чиј претседал е Горан Стојановски од Скопје.

Наводната Пливачка федерација на Македонија на која како претседател се преставува лицето Александар Маленко ниту е регистрирана во Централен регистар на РСМ ниту пак има решение за вршење на дејност спорт. Александар Маленко нема никаков легитимитет да се појавува во јавноста и да говори од името на пливачите и пливачките работници.

Воедно сакаме да ја запознаеме пошироката јавност за ситуацијата во која, Александар Маленко ја остави Пливачкате Федерација додека беше нејзин регуларен и признат Претседател:

- 09.06.2021 одлука 03-51/21 за суспензија на нашиот најдобар пливач во тоа време, Деркоски Филип поради наводно непојавување на допинг тест (ова е отфрлено од страна на Националната Антидопинг агенција која потврди дека Деркоски Филип никогаш не бил повикан на допинг тест)
- Несиплаќање на награден фонд во износ од 15000 американски долари на пливачите учесници на Светскиот куп во далечинско пливање во Охрид 2019 година
- Неисплаќање на награден фонд во износ од 20000 американски долари на пливачите учесници на Светскиот куп во далечинско пливање во Охрид 2021 година

Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 770351977; e-mail nacionalnaplivackafederacija@yahoo.com
www.pfm.mk

- Неисплаќање на котизации за одржување на споменатите маратони вкупно 10.000 евра
- Неисплатени трошоци за делегатите на Европскиот куп во далечинско пливање во Охрид 2021 година
- Драстично нарушување на угледот на федерацијата во меѓународни рамки, особено во Европската федерација (LEN / European Aquatics) и во Светската федерација (FINA / World Aquatics), особено после скандалот предизвикан на Европското првенство во Рим, Италија 2022.
- Неисплатени трошоци од организирање на наведените маратони кон угостителски објекти, хотели и слично после што Националната пливачка федерација е задолжена за дополнителни 50.000 евра.
- Неисплатени трошоци кон биохемиски лаборатории за Ковид тестови и слично.

Ова е само мал дел од проблемите кои ги наследи новото раководство и за кои е избегната суспензија од страна на Светската пливачка федерација и од Европската пливачка федерација.

Поради тоа најостро ги демантираме сите наводни покани за работни средби кои произлегуваат од страна на Александар Маленко каде што истиот лажно се претставува како Претседател и за истите ќе биде покренато соодветно обвинение до надлежните институции.

Со почит,
07.11.2023 година, Скопје
Северна Македонија

За Национална пливачка федерација на

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Горан Стојановски

*Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 770351977; e-mail nacionalnaplivackafederacija@yahoo.com*
*www.pfm.mk*